FRONT 21|42
Headquarters: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

17.12.2023 година, Скопје

**До:**
**Министерство за транспорт и врски**
Одговорно лице
г-а Ана Ѓорѓиоска

Врз основа на член 56 став (2) од Законот за животната средина[1], член 2 став (2) од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина[2], член 68-а став (4) од Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија[3] и член 8 од Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска Конвенција)[4] ги поднесуваме следниве

**К О М Е Н Т А Р И**
**кон Нацрт Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање**

## 1. КОМЕНТАРИ ВО ОДНОС НА ОДРЕДБИ ОД НАЦРТ ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ ОБЈАВЕН НА ЕНЕР

1.1. Според Нацрт Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, во членот 44 се додаваат два нови ставови:

„(5) Кога со планската програма се планира наменска зона за енергетски градби (хидроелектрични централи, термоелектрични централи, нуклеарни електрани, ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, електрани на биогориво и површински соларни и фотоволтаични електрани), а истата е потребна за донесување на урбанистички план за подрачја и градби од државно значење или урбанистички план вон населено место, со планскиот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од I и II катастарска класа односно со планскиот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од III и IV катастарска класа, само доколку во конкретната катастарска општина нема земјоделско земјиште од I и II катастарска класа.
(6) **По исклучок од став (5) на овој член одредбите во врска со зафаќањето на земјоделското земјиште од I до IV катастарска класа не се применуваат доколку со планската програма, потребна за донесување на урбанистичкиот план, се планираат градби за кои со посебен закон е уреден стратешкиот интерес.“**
Сметаме дека квалитетното земјоделско земјиште, односно расположливото земјоделско земјиште (во катастерски општини без земјоделско земјиште од I и II катастарска класа) не смее да биде

[1] Службен Весник на Р.М. бр. 53/2005, 81/2005; 79/2006; 101/2006; 109/2006; 24/2007; 159/2008; 83/2009; 161/2009; 1/2010; 48/2010; 124/2010; 51/2011; 123/2012; 93/2013; 187/2013; 42/2014; 44/2015; 129/2015; 192/2015; 39/2016; 28/2018; 65/2018; 99/2018; 176/2021; 216/2021; 89/2022; 99/2022; 171/2022;
[2] Службен Весник на Р.М. бр. 147/2008, 45/2011
[3] Службен Весник на Р.М. бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07, 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 114/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13, 145/14, 62/15, 41/16, 153/16, 113/17, 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22
[4] Закон за ратификација (Службен Весник на Р.М. бр. 40/99)

FRONT 21|42
Headquarters: Kliment Ohridski No. 54/2-2, 1000 Skopje, R. Macedonia
Tel.Fax: + 389/ 2 3122-546 / e-mail: contact@front.org.mk

употребено за енергетски градби, туку само за производство на храна. Според нас, предложениот став 6 дополнително остава остава простор за злоупотреба имајќи ја предвид широката и непрецизно дефинирана одредба во Законот за урбанистичко планирање, конкретно член 2 точка 7-а: „**Градби од стратешки интерес се** државни патишта, железнички пруги, магистрални гасоводи како и **други градби од јавен интерес** кои се реализират како стратешки инвестициони проекти или проекти од стратешко национално значење утврдени со закон;“.
Посочуваме и дека земјоделско земјиште (од било каква категорија) има и во заштитените подрачја, како и подрачјето на светско наследство, поради што вака дефинираните нови ставови се спротивни на точка 5 од Препораката бр. 221 (2023) на Постојниот Комитет на Бернската Конвенција, а во рамки на отворениот случај 2016/2: Можни негативни влијанија врз кандидат Емералд подрачјата Охридско Езеро и Галичица, од планирани инфраструктурни проекти. Истата гласи:

***„Се препорачува Владата на Република Северна Македонија:***

*5. **Да го усогласи законодавството за урбанистичко планирање** и градење со законите за заштита на природата за да обезбеди дека зачувувањето на живеалиштата и биолошката разновидност имаат приоритет во заштитените подрачја и местата на светско наследство, преку поставување на строги контроли на дефинициите како што се оние за времени објекти и урбана опрема, преку надоградување на барањата за квалитетот на оцените за влијание во заштитените подрачја и **преку елиминирање на потенцијалните слабости од премногу опширните дефиниции за државно значење кои овозможуваат изградба на** туристички развојни зони и **хидроенергетски објекти** на подрачјето на светското наследство.“*

Потсетуваме дека Собранието на Р.С.М. ја има ратификувано Бернската Конвенција во 1997 година (Службен Весник бр. 49/97). Со тоа, препораките на Постојниот Комитет на Бернската Конвенција се дел од внатрешниот правен поредок на државата и не може да се менуваат со закон - уставно дефинирано правило во член 118 од Уставот на Р.С.Македонија: **„Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон“.**
Според член 24 од Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународни договори[5]: **„Меѓународните договори, со кои се создаваат непосредни обврски за Републиката, ги извршуваат органите во чија надлежност се прашањата што се уредуваат со тој договор“.**

Во контекст на горенаведеното, а во насока на доследно спроведување на посочената точка (5) од Препораката 221 (2023) на Постојниот Комитет на Бернската Конвенција

**БАРАМЕ СТАВОТ (6) ДА ГЛАСИ:**
„Доколку со планската програма се планира наменска зона за енергетски градби (хидроелектрични централи, термоелектрични централи, нуклеарни електрани, ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, електрани на биогориво и површински соларни и фотоволтаични електрани), а истата е потребна за донесување на урбанистички план и/или урбанистичко планска документација, со планскиот опфат не смее да се зафаќа земјиште кое се наоѓа во заштитени подрачја, подрачја предложени за заштита и подрачја на светско наследство“**.**

[5] Службен Весник на Р.М. бр. 5/1998

1.2. Со Нацрт Законот за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, се предлага во член 62 да се додаде став (15) кој ќе гласи: „Кога со проектната програма од став (14) на овој член се планира наменска зона за енергетски градби (хидроелектрични централи, термоелектрични централи, нуклеарни електрани, ветерни електрани, концентрациони сончеви електрани, електрани на биогориво и површински соларни и фотоволтаични електрани), а истата е потребна за изработка и одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, со проектниот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од I и II катастарска класа односно со проектниот опфат не смее да се зафаќа земјоделско земјиште од III и IV катастарска класа, само доколку во конкретната катастарска општина нема земјоделско земјиште од од I и II катастарска класа. **Одредбите од овој став во врска со зафаќањето на земјоделското земјиште од I до IV катастарска класа не се применуваат доколку со проектната програма се планираат градби за кои со посебен закон е уреден стратешкиот интерес**“.

Како што наведовме и погоре, терминот „градби од стратешки интерес“ отвара врати за разни злоупотреби токму поради неговата општа дефиниција. Имајќи го предвид овој факт, како и обврската за спроведување на точка 5 од Препораката бр. 221 (2023) на Постојниот Комитет на Бернската Конвенција (елаборирана во претходната под-точка), **БАРАМЕ ПОСЛЕДНАТА РЕЧЕНИЦА ОД СТАВОТ (15) ДА СЕ ИЗБРИШЕ.**

**Укажуваме дека за доследно спроведување на претходно посочената Препорака бр. 221 на Постојниот Комитет на Бернската Конвенција, конкретно Точка (5) од оваа Препорака, неопходни се многу пообемни измени во Законот за урбанистичко планирање, заради негово усогласување со релевантните закони за заштита на природата и животната средина** (како Законот за заштита на природата; Законот за животна средина; Законот за води; Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион; итн.).
Стоиме на располагање за правна помош, доколку е потребна при хармонизирањето на Законот за урбанистичко планирање со сите релевантни закони од областа на животната средина и природата.

*Дополнително:*

**Фактот што Законот за урбанистичко планирање овозможува изградба на хидроцентрали и во заштитени подрачја, значи дека истиот е во спротивност со:**

- **Препораките од СОЖС Извештајот за Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 со што го прекршува Законот за енергетика и Договорот за Енергетска заедница**

На стр. 136 од овој Извештај се наведува: *„При изработката на Програмата за спроведување на Стратегијата за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година* ***се препорачува при изборот на конкретни проекти да се изоставаат националните заштитени подрачја, како и подрачјата предложени за заштита (национална мрежа на заштитени подрачја, Емералд, Натура 2000).“***

**Поаѓајќи од фактот дека овој закон овозможува реализација на енергетски проекти, за истите важат сите препораки во СОЖС Извештајот.**

СОЖС Извештајот е интегрален дел на Енергетската стратегија (чл. 5 ст 1 т. 34-а и т.34-б, чл. 67 ст. 2 од Законот за животна средина), врз основа на која се утврдува државната енергетска политика (чл. 11 ст.1 Закон за енергетика), вклучувајќи ги „условите и начините за обезбедување на заштита на животната средина и ублажување на климатските промени, како и мерки за реализација на заштитата“ (чл. 11 ст.2 т. 12 Закон за енергетика).
Обврската за почитување/спроведување на СОЖС Извештајот, на сите нивоа на носење релевантни одлуки, е регулирана и во Договорот за Енергетска заедница, понатаму специфицирана токму за мали хидроцентрали:
Чл. 12: „Секоја страна потписник ќе го имплементира acquis communautaire (Правото на Европските заедници (ЕЗ) и Европската Унија) за животна средина во согласност со предвидената временска рамка за импелементација на мерките, определена во АНЕКС II.“
Став на Секретаријатот на Енергетската Зедница за развојот на малите хидроцентрали-(13.11.2018): *„Согласно обврските превземени со Договорот за енергетска заедница, сите страни потписници мораат да ја имплементираат легислативата за оцена на влијанието врз животната средина ( EIA) и стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.“*

Потсетуваме дека Договорот за Енергетска заедница е законска обврска која произлегува од Законот за ратификација на Договорот (Сл. весник бр. 59/06), Законот за енергетика (чл. 11 ст.2 т. 15) и Уставот на РСМ (чл.118). Непочитување на посочената препорака од СОЖС Извештајот за Стратегијата за развој на енергетиката значи прекршување на сите посочени членови од националната и меѓународната легислатива, вклучително и Уставот.

- **Програмата за работа на Владата 2020-2024**

Овој закон е во директна спротивност со предвидениот чекор од Програмата, за исполнување на една од суштинските цели: стр. 44 - *„Воведуваме забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови.“*

## 2. КОМЕНТАРИ ВО ОДНОС НА НАЦРТ ПВР ИЗВЕШТАЈОТ

2.1. Во точка 4 Проценка на влијанијата на регулативата, конкретно во под-точка 4.4 се наведува *„Влијанија врз животната средина НЕМА“*
Според нас, ова е неточно од причина што секоја урбанизација несомнено има некакво влијание врз животната средина.
Дополнително, фактот што со овој предлог закон се дава можност за изведување на т.н. градби од стратешки интерес без ограничувања во однос на заштитените подрачја; подрачјата предложени за заштита и подрачјата на светско наследство; без предвидување на строги критериуми за изведување на градби во овие подрачја (задолжително спроведување СОЖС и/или ОВЖС постапка), го зголемува ризикот за значително негативно влијание врз животната средина и природата.

Токму затоа и СОЖС Извештајот за Енергетската Стратегија препорачува нивно изземање од заштитените подрачја и подрачјата предложени за заштита.

Не случајно, односно токму поради исклучително негативното влијание на разните форми на урбанизација, како и изведба на енергетски проекти, Бернската Конвенција го отвори случајот 2017/2, како и претходно отворениот случај за хидроенергетските проекти во НП Маврово.

**Имајќи го предвид погоре наведеното, БАРАМЕ ОВАА ПОД-ТОЧКА ДА СЕ РЕВИДИРА И ДА СЕ УТВРДИ ВИСТИНСКИ ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ОСОБЕНО ВО ЗАШТИТЕНИТЕ ПОДРАЧЈА.**

2.2. Во точка 5.1 Засегнати страни и начин на вклучување, се наведува: *„Во процесот на изработувањето на Предлог законот, со барање на мислење за работниот текст на законот се вклучени следните институции: Секретаријат за законодавство, Министерство за финансии, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина и просторно планирање, Биро за јавни набавки и Агенција за просторно планирање“.*
Посочуваме дека горенаведените институции не се единствените засегнати страни. **СМЕТАМЕ ДЕКА ТРЕБА ДА СЕ СПРОВЕДАТ КОНСУЛТАЦИИ И СО СЛЕДНИВЕ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ (И НИВНИТЕ ЗАБЕЛЕШКИ, ПРЕДЛОЗИ И МИСЛЕЊА ДА БИДАТ СООДВЕТНО ИНКОРПОРИРАНИ):**

- **Национален Совет за заштита на природата;**
- **Комисија за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион;**
- **Национална Комисија за УНЕСКО;**
- **ЈУНП Маврово;**
- **ЈУНП Шар Планина;**
- **ЈУНП Галичица;**
- **ЈУНП Пелистер;**
- **Невладини организации, здруженија на граѓани, граѓански иницијативи.**

## 3. УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА

Најпосле, укажуваме на одредбите од Законот за животната средина (член 56 став (2) и 61 став (4)); Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (членови 2 став (2); 3; 4; 6; 8) и Архуската Конвенција (членови 8; 6 ставови (2); (3); (4); (7) и (8)), кои покрај останатото налагаат обврска за рок за јавен увид од најмалку 30 дена, како и организирање и спроведување на најмалку една јавна расправа.

Со почит,
Еколошко здружение на граѓани „Фронт 21/42“